Општинска установа
Музеј на град Неготино
Бр. 01 – 24/1
27 01 2022 год
НЕГОТИНО

Музеј на град Неготино

**ОПШТИНСКА УСТАНОВА**

**МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО – НЕГОТИНО**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОУ МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО ЗА 2021 ГОДИНА



НЕГОТИНО

Општина Неготино

Република Северна Македонија
Министерство за култура

www.muzejnegotino.mk

Неготино, јануари 2022

Музеј на град Неготино

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКАТА УСТАНОВА МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО ЗА 2021 год.

Општинската Установа Музеј на град Неготино претставува културно просветна и научна установа чија примарна цел е музејската дејност на територијата на Општина Неготино. Во рамките на својата основна музејска дејност работењето на Музејот е насочено кон систематско истражување, собирање, откупување, средување, стручна и научна обработка и проучување, конзервирање на движниот археолошки материјал, чување, објавување и презентација на музејскиот материјал и предмети од значење за археологијата, етнологијата, историјата и ликовната уметност.

Годишниот извештај за работата на Општинската установа Музеј на град Неготино година претставува законска обврска на Музејот кој како општинска установа согласно законските регулативи пропишани со членот 36, став 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02) годишно ги доставува Извештаите за работењето на институцијата до Советот на Општината. Во извештајот за 2021 година Музејот продолжи доследно да ја остварува својата дејност согласно законските надлежности со целосна примена на одредбите од Законот за култура, Законот за музеите и Законот за заштита на културно наследство во рамките на регистрираната дејност на нашата институција. Годишниот извештај е претставен преку кратки елаборации на поединечните дејности и е прикажана работата на Музејот за 2021 година. Во услови на пандемија КОВИД-19 која што ја одбележа 2021 година, Општинската установа Музеј на град Неготино реализира низа настани, изложби, концерти, гостувања, проекти кои се содржани во годишниот извештај и е компониран по следниов хронолошки ред:

**МАРТ, 2021**

**05.03.2021 г.**

**ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА НА ФИЛИП КОРУНОВСКИ,**

По повод 8 Март, Меѓународниот ден на жената, отворена е ликовната изложба на Филип Коруновски, академски сликар од Велес, вработен како сценограф во НУ Народен Театар-Велес. Пред неготинската публика Филип се претстави со 28 портрети насликани во пастел техника. Изложбата беше отворена со присуство на авторот, Филип Коруновски, и настанот беше збогатен со музичка изведба на Трајче Станков со преубави музички нумери на клавирот FEURICH. Изложбата се реализираше според протоколите за заштита од КОВИД-19, растојание од 1.5 метри и носење заштитни маски.










**АПРИЛ, 2021**

**01.04.2021 г.**

**ИЗЛОЖБА НА КАРИКАТУРИ**

По повод денот на шегата 1 Април, во ОуМузеј на град Неготино поставена е изложба на карикатури од Миле Манчевски-Милман од Велес, насловена како "Априлилиииии". Миле се претставува со 110 карикатури со теми од здравство, социјала, политика и други теми.

На настанот присуствуваше и авторот на карикатурите, Миле Манчевски. Изложбата се реализираше според протоколите за заштита од КОВИД-19, растојание од 1.5 метри и носење заштитни маски.

ОПШТИНСКА УСТАНОВА МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО

**МИЛЕ МАНЧЕВСКИ МИЛМАН**

ИЗЛОЖБА

**КАРИКАТУРИ "АПРИЛИЛИИИ"**




1 Април 2021 година (четврток) 13:00 часот,
Изложбен салон на Музеј на град Неготино

Општина Неготино · Министерство за култура · Музеј на град Неготино





АПРИЛ
01.04.2021 година · 13.00 часот
Изложбен салон на
Музеј на град Неготино
01.04.202






**07.04.2021 г.**

**Доделен СЕРТИФИКАТ за квалитет IASS:2021-2023**



СЕРТИФИКАТ

ЗА КВАЛИТЕТ IASS : 2021-2023

ОВОЈ СЕРТИФИКАТ СО ЗАДОВОЛСТВО ГО ДОДЕЛУВАМЕ НА

Музеј На Град Неготино

Сертификатот е доделен за интеграција во sertifikat.eu.mk, електронски систем за сегментација на правни субјекти кои нудат производи/услуги со висок квалитет врз основа на анализа за несомнување на никакви негативности

Правниот субјект поседува и дигитален баркод кој има право да го истакне јавно за потврда на интеграцијата!

Сертификатот е потпишан од овластен аудитор за квалитет по ISO 9001:2015

CERTIFICATE
IASS : 2021-2023

7.4.2021
ДАТУМ

ПОТПИС

**МАЈ, 2021**

**14.05.2021 г.**

**ГОСТУВАЊЕ на "Ликовна колонија-НЕГОТИНО 2020" во НУЦК "Трајко Прокопиев" во Куманово.**

Изложба на слики од Ликовната колонија "НЕГОТИНО 2020" презентирана пред поширократа кумановска јавност, која што имаше можност да се запознае со уметничката колекција на ликовната збирка на Музеј на град Неготино која ја отсликува спецификата на современата уметност, карактеристиката на неготинското винарско поднебје, а во поширок обем и презентација на општина Неготино воопшто. Изложбата се реализираше според протоколите за заштита од КОВИД-19, растојание од 1.5 метри и носење заштитни маски.






ЛИКОВНА КОЛОНИЈА – НЕГОТИНО 2020
ART COLONY – NEGOTINO 2020



**17.05.2021 г.**

**ИЗЛОЖБА “50 ГОДИНИ РАЦИНОВИ СРЕДБИ“**

По повод 18 Мај-Меѓународен ден на музеите, во Музеј на град Неготино беше поставена изложба “50 години Рацинови Средби“ во соработка со ЛУ Народен Музеј-Велес. Автор на изложбата е кустос-советник Марин Клифов од ЛУ Народен Музеј Велес, каде пред неготинската публика се претстави со 23 паноа на кои е претставена целокупната активност на Рациновите средби од 1964 до 2012 година. Изложбата се реализираше според протоколите за заштита од КОВИД-19, растојание од 1.5 метри и носење заштитни маски.

ОПШТИНСКА УСТАНОВА МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО
ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС

# 50 ГОДИНИ РАЦИНОВИ СРЕДБИ



Изложбен салон на ОУ Музеј на град Неготино
17 Мај (понеделник), 2021 година, 13:00 часот

Општина Неготино · Република Северна Македонија, Министерство за култура · Музеј на град Неготино · Народен музеј Велес







**ЈУНИ, 2021**

**04.06.2021 г.**

**ГОСТУВАЊЕ на “Ликовната колонија-НЕГОТИНО 2020“ во Н.У.Центар за Култура “Антон Панов“ во Струмица**




Н.У.Центар за култура „Антон Панов"
Струмица, Северна Македонија

Ве покануваме на изложба на дела од

ЛИКОВНА КОЛОНИЈА - НЕГОТИНО 2020
ART COLONY - NEGOTINO 2020

Петок,04 Јуни 2021 год. во 19:30 час.
во Н.У.Центар за култура „Антон Панов" Струмица



**10.06.2021 г.**

**ГОСТУВАЊЕ во Нови Сад, Р.Србија, на ОуМузеј на град Неготино како учесник во меѓународен проект за млади и култура, финансиран од Европската Унија**

"THE MELTING POT" - е насловот на меѓународниот проект одобрен од Европската унија во рамки на програмата ЕРАЗМУС+ КА2, кој ќе трае 15 месеци. Општинската установа Музеј На Град Неготино е еден од партнерите на овој проект за претопување на

културата со младите, а носител на проектот е НАПОР-Национална Асоцијација Практичара Омладинског Рада од Нови Сад, Р.Србија.

Во овој проект вклучени се по 2 (две) организации - за млади и култура, од 3 (три) држави: Р.Хрватска, Р.Србија и Р.С Македонија.

Првиот состанок на партнерите (во живо) се одржа од 08 до 11 јуни 2021 во Нови Сад а домаќини се Галерија Матице српске.







Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union
NAPOR
mmh
Сојуз за
младинска работа
Галерија Матице српске
Музеј на град Неготино





**25.06.2021 г.**

**ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА на Новица Трајковски “АВТОБИОГРАФИЈА ВО СЛИКИ“ и**

**КОНЦЕРТ на Марина Трајковска-виолина, Весна Ангелова Христов-клавир и Момчило Куфојанакис, виолина**


ОПШТИНСКА УСТАНОВА МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО
Автобиографија во слики
САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА
Новица Трајковски
25 јуни 2021 година (петок) 14.00 часот,
Изложбен салон на Музеј на град Неготино
Музеј на град Неготино


КОНЦЕРТ
Марина Трајковска - виолина
Момчило Куфојанакис - виолина
Весна Ангелова Христов - пијано
Програма: Вивалди, Дворжак, Бах, Цанев, Анте Б.К, Шостакович
Музеј на град Неготино
25.06.2021 Музеј на град Неготино
Почеток 14.00









**ЈУЛИ, 2021**

**03.07.2021 г.**

**СТУДИСКА ПОСЕТА во Нови Сад, Р.Србија, на ОуМузеј на град Неготино како учесник во меѓународен проект за култура и млади**

По втор пат гостување во Нови Сад, Р.Србија, односно студиска посета каде што беа посетени културни центри кои работат во инетрес за младите како што се Култура НОВА, културна станица "Свилара", Креативен центар "ПРОСТОР", Омладински Центар "Опенс", КЦ Лаб центар и Галерија на Павле Белански.







**27.07.2021 г.**

**Во рамки на ВЕЛЕШКО ЛЕТО 2021, изложба на слики од ликовната колонија НЕГОТИНО 2020 во Ликовниот Салон во Велес!**










**29.07.2021 г.**

**ИЗЛОЖБА НА ИКОНИ ОД ЦРКВАТА "Св.Илија " од с.Вешје, општина Неготино**

По повод празникот ИЛИНДЕН и христијанскиот празник Св.Илија, во Изложбениот салон на Музеј на град Неготино, изложени се 40 икони кои потекнуваат од 19 век, од црквата "Св.Илија" од с.Вешје, поточно насликани од 1879 година, најверојатно од Петре Пачаров, ученик на Дичо Зограф, кој овој период творел на територијата во Тиквешијата. Изложбата се реализираше според протоколите за заштита од КОВИД-19, растојание од 1.5 метри и носење заштитни маски.

ОПШТИНСКА УСТАНОВА МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО

# “Иконите и иконостасите од црквите и манастирите во општина Неготино од 18 до 20 век”

## Иконите од црквата “Св.Илија” од с.Вешје, општина Неготино, од 1879 година.







29 јули 2021 година (четврток) 12:00 часот,
Изложбен салон на ОУ Музеј на град Неготино

Министерство за култура

Музеј на град Неготино





**СЕПТЕМВРИ, 2021**

**13.09.2021 г.**
**КОНЦЕРТ на Александра Кировска (гитара)**

Дела од Тадиќ со "Македонско девојче", Бах, Копенков, Јорк...и секако "Secret Garden".
Концертот се одвива според сите предвидени протоколи за одржување на културни настани во состојба на COVID-19:

-Сертификат за примена вакцина или потврда за прележан COVID-19 до 45 дена.

-Бројот на присутна публика е до 30% од предвидениот простор.








**20.09.2021 г.**

**ПРОМОЦИЈА на Монографија "Хумана мисија и активно стареење"**

Промоција на Монографијата "Хумана мисија и активно стареење" по повод јубилеј 10 години Клуб на пензионери - хуманисти "Анри Динан" од Неготино, одржана на 20 септември 2021 година во 11:00 часот во преубавиот двор во Општинската установа Музеј на град Неготино! Во рамки на промоцијата доделени се и Благодарници на институции и личности кои успешно соработуваат со овој клуб.









**ОКТОМВРИ, 2021**

**08.10.2021 г.**
**ПИЈАНО РЕЦИТАЛ, Елена Костовска**


ПИЈАНО РЕЦИТАЛ
На програмата се дела од:
Сен-Санс,Григ, Фаржеон,Сајгин....
Елена
Костовска
08.10.2021 | 13:00 часот
Музеј на град Неготино
Министерството за култура на Република Северна Македонија
Музеј на град Неготино





**26, 27 и 28 октомври 2021 г.**
Во тесна соработка со ООМУ“Владимир Арсовски“ од Неготино, учениците го реализираа концертот за пропуштениот период, и тоа три концерти од инструменталните оддели по пијано, виолина и саксофон.











**НОЕМВРИ, 2021**

**05.11.2021 г.**
**ИЗЛОЖБА на фотографии од “Златниот антички наод од с.Тремник, Неготино“**

ЗЛАТНИОТ АНТИЧКИ НАОД ОД с.ТРЕМНИК презентиран во изложбениот салон на Музеј на град Неготино. Изложбата содржи 30 фотографии изработени на форекс, врамени, со димензии 100x70 цм., На фотографиите е претставен златниот антички наод пронајден од археолошкиот локалитет "Орманков гроб", с.Тремник, општина Неготино, кој датира од IV-III век п.н.е., во најразлични комбинации со објаснување и легенди напишани на македонски, англиски и француски јазик. Изложбата е практична и изработена да биде презентирана и пред други институции со што ќе се презентира археолошкото богатство и културното наследство од општина Неготино пред пошироката јавност. Особено сме благодарни што во присутните посетители беа дваjцата сведоци кои присуствувале во археолошкото ископување и откривањето на овој ексклузивен наод од с.Тремник во 2008 година. Своето искуство и доживување од археолошкото ископување еден од сведоците го презентираше и раскажа пред присутните.

Настанот беше збогатен со убави класични композиции како "Дојранка" од Трајко Прокопиев и др., изведени на клавир и флејта од страна на Емилија Кабранова Филипова и Силвана Чулева Атанасова.












Изложбата се реализираше според протоколите за заштита од КОВИД-19, растојание од 1.5 метри и носење заштитни маски.

**06.11.2021 г.**

**КОНЦЕРТ на ТРИО**
Aimez-vous Brahms? Го сакате ли Брамс?
КОНЦЕРТ на триото:
ВЕСНА Ангелова Христов-пијано,
МОМЧИЛО Куфојанакис-виолина,
МИЛАН Роксандиќ-хорна
и најдобриот и најпознатиот хорнист на Балканот
во рамки на фестивалот "Есенски музички свечености"
Изложбен салон на Музеј На Град Неготино


КОНЦЕРТ
ТРИО
Весна Ангелова Христов-пијано
Момчило Куфојанакис-виолина
Милан Роксандиќ-хорна(Србија)
Програма: R.Kahn, C.Koechlin, J. Brahms
Неготино
6.11.2021г.18:00ч
Музеј на град Неготино
Скопје
8.11.2021 г. - 20:00ч
Музеј на македонската борба
Во рамките на фестивалот
„Есенски музички свечености"





**НОЕМВРИ, 2021**

**13.11.2021 г.**
**КОНЦЕРТ на ДУО КИРОВСКИ**

Прекрасно, професионално изведени дела за пијано и виола и виолина и пијано од Х.Виетан, Ф.Сај, И.Фролов...
Голема благодарност до Љубиша и Маја што ја удостоија неготинската публика со БИС со прекрасната преработка на македонската "Јовано, Јованке" и одбележување на 100 годишнина од раѓањето на аргентинскиот гениј Astor Piazzolla со изведба на познатата "Vuelvo al Sur".
Концертот е поддржан од Министерството за култура на РСМ и се одржа според протоколите за заштита од КОВИД-19.










**30.11.2021 г.**

**НОЕМВРИСКИ КОНЦЕРТ**

Соработката со ООМУ "Владимир Арсовски" продолжува со „НОЕМВРИСКИ КОНЦЕРТ",
со ученици од инструменталните оддели по пијано, виолина и саксофон.







**ДЕКЕМВРИ,2021**

**09.12.2021 г.**

КОНЦЕРТ на младата Тамара Лазарова (флејта) и Наташа Трбојевиќ (пијано), студент и професор од музичката академија при Универзитетот "Гоце Делчев" од Штип, одржан на 09 декември 2021 година во 13:00 часот во изложбениот салон на Музеј На Град Неготино. Врвни, професионални изведби на Bohuslav Martinu, Jules Demersseman и Carl Reinecke, соната и концерти за флејта и пијано!








**17.12.2021 г.**
**ИЗЛОЖБА на КУМАНОВСКИ ГРАФИЧАРИ 2021**

Во изложбениот салон на Музеј на град Неготино на 17 декември 2021 година (петок) во 13.00 часот беа изложени 20 графики на кумановските графичари Зоран Јакимовски, Мирослава Цветковиќ, Стефан Јакимовски, Валентина Илијевски, Ханифе Ислами, Александар Стефановски, Милена Арсовска, Симона Јакимовска, Ана Јовановска, Стефан

Анчевски, Дејвид Стоилковски. Настанот е во соработка со НУ Центар за култура "Трајко Прокопиев" од Куманово.










**22.12.2021 г.**
**КОНЦЕРТ на Весна Ангелова Христов (пијано) и Момчилоо Куфојанакис (виолина)**

Енергични, динамични, маестрално сериозно врвни изведби на:
-В.А.Моцарт-концерт за виолина и оркестар бр.5 во A-dur
- Allegro Aperto
-Л.В.Бетовен-соната за виолина и пијано во D-dur op.12 бр.1
- Alegro con brio
- Tema con variazioni:Andante con moto
- Rondo: Allegro
J.Брамс- концерт за виолина и оркестар во D-dur
- Allegro non troppo


КОНЦЕРТ
Момчило Куфојанакис - виолина
Весна Ангелова Христов - пијано
Програма: Моцарт, Бетовен, Брамс
22.12.2021г. 13:00
Музеј на Град Неготино





**26.12.2021 г.**

**КОНЦЕРТ на Виктор Рафајловски и Иван Стојанов**

Неделен и предновогодишен КОНЦЕРТ на Иван Стојанов и Виктор Рафајловски, ученици на генерација во класата на проф.Катерина Ќетковиќ Фидановска!
Прекрасни изведби на клавир од:
Ј.С.Бах, Л.В.Бетовен, Ф.Шопен, К.Дебиси, Ф.Лист, А.Скрјабин, М.Мошковски!
Многу успех и безброј концерти за Иван и Виктор.













**29.12.2021 г.**

**ПРЕДНОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ на учениците од ООМУ’Владимир Арсовски“ од Неготино**

Ученици од ООМУ “Владимир Арсовски“ од Неготино деновиве го одржаа традиционалниот предновогодишен концерт во изложбениот салон во Музеј на град Неготино. Концертот го одржаа и истиот содржеше изведби од ученици од инструменталните оддели по пијано, виолина и саксофон. Честитки за успешниот настап на учениците на последниот настап во 2021 година, многу успеси и здравје во Новата 2022 година и секако продолжување на одличната соработка меѓу ООМУ „Владимир Арсовски“, Општинската установа Музеј на град Неготино и општина Неготино.


ООМУ „ВЛАДИМИР АРСОВСКИ" – НЕГОТИНО
ПРЕДНОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ
НА УЧЕНИЦИ ОД ИНСТРУМЕНТАЛНИТЕ ОДДЕЛИ
ПО ПИЈАНО, ВИОЛИНА И САКСОФОН
29.12.2021
19.00ч.
МУЗЕЈ НА ГРАД
НЕГОТИНО


Општинско
Основно

## ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОЕКТИ

Поради состојбата на КОВИД-19 пандемијата, изминатата 2021 година во ОуМузеј на град Неготино дел од средствата се искористија за реализација на инвестициони проекти.

На 10 декември 2020 година од страна на Влада на РСМ - Генерален секретеријат преку фирмата "ФИЛАДЕЛФИЈА" и општина Неготино, во рамки на програмата за намалување за аеро загаденоста, се доделуваат три клими уреди на Музеј на град Неготино и тоа во рамки на проект за енергетска ефикасност. Клима уредите се од типот инвертер **VIVAX ACP-48CC140 AERI/02 , VIVAX ACP-55160AERI/02** со номинален капацитет за ладење од 16,12 kw и номинален капацитет за греење од 18,17kw во вердност од 300.000, денари (двете), додека третата клима е со мал капацитет на ладење и по барање од гиманзијата доставена е до СООУ"Кирил и Методиј" од Неготино. Како потврда и доказ за оваа донација Ви ја доставувам фотокопијата од испратницата направена на 10.12.2020 година. Поради вака настанатата ситуација, се решава големиот проблем за затоплување и ладење на простор од 400 квадрати со висина на таван од 5.00 метри каде што се сместени историската и археолошката постојана поставка. Дел од финансиските средства се искористени за монтажа на овие клима уреди, како и извлекување на трофазна струја потребна за да работат клима уредите. Исто така набавен е тример за косење на трава за потребите на музејот.

Во прилог Ви доставувам фотографии и документи од гореспоменатите работи:

- Испратница за доставените клима уреди од страна на Влада на РСМ – Генерален секретеријат за Општина Неготино.



ДООЕЛ "ФИЛАДЕЛФИЈА" -Кочани
Кеј на Револуција бр.14, 2300 Прод. 1 ; 078/344-755 Прод. 2 ; 078/344-563
Ж. с. 200000014316998 Ж. с. 380931606300130 Ж. с. 300050000103096
Депонент: Стопанска Банка Депонент: Прокредит Банка Депонент: Комерцијална Банка
Ж. с. 210045519310160 Ж. с. 240130000203965 Ж. с. 290200000101794
Депонент: Тутунска Банка Депонент: Уни Банка Депонент: ТТК Банка

Место Неготино дата: 10.12.2020 год.

ИСПРАТНИЦА Бр. ______

До Влада на РСМ - Генерален секретаријат (Општина Неготино)

| Ред. број | Шифра | АРТИКАЛ | Магацин | Един мера | Количина | Цена | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | Клима уред Cooper and hunter Arctic inv. CH-S12FTXLA-NG | | Бр. | 1 | | |
| 2 | | Касетен клима уред Vivax ACP-48CC140AERI | | Бр. | 2 | | |
| | | | | ВКУПНО: | | | |

Предал,

Заклучно со број 2

Примил,


МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО ДОБИ НОВИ
КЛИМА УРЕДИ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА
ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА АЕРОЗАГАДУВАЊЕ
VIVAX
Air-conditioner
Outdoor unit - DC inverter
VIVAX
Air-conditioner
Indoor unit - DC inverter
Panel
ТЕКОВНИ
АКТИВНОСТИ
ОПШТИНА НЕГОТИНО


Општинска Установа
МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО
НЕГОТИНО
VIVAX

















Направена е замена на 12 неонски панели со нови лед панелни светилки во изложбениот салон во музејот, со тоа се добива поубава светлина а воедно и се намалува потрошувањето на електричната енергија.













Неготино, јануари 2022 г.

Општинска установа
**Музеј на град Неготино**
Директор
Драгица Чекорова